# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 18 Год. LXIII Четврток, 15 февруари 2007 Цена на овој број е 150 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 236. | **Закон** за изменување на Законот за празниците на Република Македонија.. | 4 |
| 237. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување... | 5 |
| 238. | **Уредба** за методологија за распределба на наменските дотации за локалните установи во културата во 2007 година... | 7 |
| 239. | **Одлука** за прифатливоста на предлогот за прогласување на локалитетот Куклица за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата............. | 7 |
| 240. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на магистрални и регионални патишта во Република Македонија... | 7 |
| 241. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија...... | 8 |
| 242. | **Одлука** за отповикување на управител на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“-ЈП „Македонски железници“ - ДООЕЛ Велес................................. | 8 |
| 243. | **Одлука** за избор на управител на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ-Велес................... | 8 |
| 244. | **Одлука** за отповикување на членовите на Надзорен одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“- ЈП „Македонски железници“, ДООЕЛ-Велес.................. | 8 |
| 245. | **Одлука** за избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“, ДООЕЛ-Велес | 8 |
| 246. | **Одлука** за отповикување на управител на Друштвото за ремонт на пруги и нискоградба – ЈП „Македонски железници“ - ДООЕЛ-Скопје.............................. | 9 |
| 247. | **Одлука** за избор на управител на Друштвото за ремонт на пруги и нискоградба ДООЕЛ-Скопје................... | 9 |
| 248. | **Одлука** за отповикување на членовите на Надзорен одбор на Друштвото за ремонт на пруги и нискоградба - ЈП „Македонски железници“, ДООЕЛ-Скопје.... | 9 |
| 249. | **Одлука** за избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото за ремонт на пруги и нискоградба, ДООЕЛ - Скопје.. | 9 |
| 250. | **Решение** за именување на надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија.. | 9 |
| 251. | **Решение** за именување на Национален координатор за авторизација во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија | 10 |
| 252. | **Решение** за именување на раководител на Националниот фонд во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија.............. | 10 |
| 253. | **Решение** за именување на Национален ИПА координатор во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија.................... | 10 |
| 254. | **Решение** за именување на раководител на оперативната структура надлежна за имплементирање на првите четири компоненти од ИПА во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија.............. | 10 |
| 255. | **Решение** за именување на Секторски координатор на ИПА компонентите за регионален развој и развој на човечки ресурси во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската унија за Република Македонија........................................... | 10 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 256. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за правда... | 11 |
| 257. | **Решение** за именување заменик на Директорот на Бирото за развој на образованието.......................................... | 11 |
| 258. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетски клинички центар – Скопје - претставници на основачот | 11 |
| 259. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија........................................... | 11 |
| 260. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје....... | 11 |
| 261. | **Решение** за именување заменик на директорот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување-Скопје............................. | 11 |
| 262. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – Скопје........... | 12 |
| 263. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Прилеп.... | 12 |
| 264. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом -Неготино.... | 12 |
| 265. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Гевгелија... | 12 |
| 266. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија..... | 12 |
| 267. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“- Гевгелија...................... | 13 |
| 268. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита- Прилеп......................................... | 13 |
| 269. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп..... | 13 |
| 270. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Кавадарци................................................. | 13 |
| 271. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Кавадарци................................................. | 13 |
| 272. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Здравје“- Валандово........................................... | 14 |
| 273. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Струмица............................................... | 14 |
| 274. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струмица............................................... | 14 |
| 275. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Струмица............................. | 14 |
| 276. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Радовиш.................................................... | 14 |
| 277. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Специјална болница за трауматологија и ортопедија „Св. Еразмо“ - Охрид................................ | 15 |
| 278. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево....................... | 15 |
| 279. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен | 15 |
| 280. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница – Демир Хисар.......................................... | 15 |
| 281. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Демир Хисар.............................................. | 15 |
| 282. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Битола.......................................... | 16 |
| 283. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Битола....... | 16 |
| 284. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Клиничка болница - Битола.................................................... | 16 |
| 285. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Вевчани.... | 16 |
| 286. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Кичево...... | 16 |
| 287. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Крушево....................................................... | 17 |
| 288. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија - Струга.................................................... | 17 |
| 289. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Дебар......... | 17 |
| 290. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Дебар | 17 |
| 291. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Гостивар..................................................... | 17 |
| 292. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Гостивар..................................................... | 18 |
| 293. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Берово....... | 18 |
| 294. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Пехчево........................................................ | 18 |

Стр.

295. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Делчево........................................................ 18
296. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Свети Николе.............................................. 18
297. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка...................................... 19
298. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Виница......................................................... 19
299. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Кратово..... 19
300. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип............................................ 19
301. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Штип...................................................... 19
302. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита – Штип........................................... 20
303. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Штип...................................................... 20
304. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Кочани......................................................... 20
305. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар - Скопје 20
306. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Максилофацијална хирургија - Скопје........................................ 20
307. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Републички завод за здравствена заштита - Скопје.............. 21
308. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Скопје.................................................... 21
309. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Геронтолошки завод „13 Ноември“ - Скопје......................... 21
310. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство - Чаир.. 21
311. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита -Скопје............................................. 22
312. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје..................................................... 22
313. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата –„Козле“-Скопје............................................. 22
314. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница - Скопје............................................. 22
315. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – „Железничар“ - Скопје.................................... 22
316. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Тетово....... 23
317. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Тетово 23
318. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница – Охрид..... 23
319. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Охрид 23
320. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Болница за кардиоваскуларни болести – Охрид....................... 23
321. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита – Охрид................................... 24
322. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Специјална детска болница – Охрид................................... 24
323. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струга....... 24
324. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Струга 24
325. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница - Куманово 25
326. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Куманово.............................. 25
327. **Решение** за именување членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Куманово 25
328. **Програма** за остварување на научноистражувачката дејност, технолошкиот развој и техничката култура во Република Македонија за 2007 година.... 25
329. **Програма** за проширена репродукција на шумите за 2007 година................ 28
330. **Годишна програма** за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија за 2007 година........................................... 30
331. **Правилник** за формата и содржината на образецот за упис во Судскиот регистар на политичките партии и начинот на неговото водење.................... 31

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

30. **Одлука** од Комисијата за заштита на конкуренцијата...................................................... 32
**Огласен дел.................................... 1-32**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**236.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за празниците на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 февруари 2007 година.

Бр. 07-638/1
8 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за празниците на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 21/98), членот 2 се менува и гласи:

“Државни празници на Република Македонија се:

- 24 Мај, “Св. Кирил и Методиј” - Ден на сесловенските просветители;
- 2 Август, Ден на Републиката;
- 8 Септември, Ден на независноста;
- 11 Октомври, Ден на народното востание;
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
- 8 Декември, “Св. Климент Охридски”.

Празници на Република Македонија се:

- 1 Јануари, Нова година;
- Божик, првиот ден на Божик, 7 јануари според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
- 1 Мај, Ден на трудот и
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам.”

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

“Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови за верниците од православната вероисповед се:

- Бадник, ден пред Божик;
- 19 Јануари, Богојавление (Водици);
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и
- Духовден, петок пред Духовден.

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се:

- Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од муслиманската вероисповед;
- 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на албанската заедница;
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на турската заедница;
- Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур за припадниците на еврејската заедница;
- првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци, според Грегоријанскиот календар за верниците од католичката вероисповед;
- 27 Јануари, Свети Сава за припадниците на српската заедница;
- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на ромската заедница;
- 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на влашката заедница и
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците на бошњачката заедница. “

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

### L I G J
### PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR FESTA NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për festa në Republikën e Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 21/98), neni 2 ndryshohet si vijon:

“Festa shtetërore në Republikën e Maqedonisë janë:

- 24 Maji, “Shën Cirili dhe Metodi” – Dita e iluministëve pansllavistë;
- 2 Gushti, Dita e Republikës;
- 8 Shtatori, Dita e Pavarësisë;
- 11 Tetori, Dita e Kryengritjes Popullore;
- 23 Tetori, Dita e Luftës Revolucionare Maqedonase, dhe
- 8 Dhjetori, “Shën Klimenti i Ohrit”.

Festa të Republikës së Maqedonisë janë:

- 1 Janari, Viti i Ri;
- Krishtlindjet, dita e parë e Krishtlindjeve, 7 janari sipas kalendarit ortodoks;
- Pashkët, dita e dytë e Pashkëve sipas kalendarit ortodoks;
- 1 Maji, Dita e punës, dhe
- Bajrami i Ramazanit, dita e parë e Bajramit të Ramazanit.”

Neni 2

Neni 4 ndryshohet si vijon:

“Në Republikën e Maqedonisë festohen dhe ditë jo pune për besimtarët e konfesionit ortodoks janë:

- Buzmi, dita para Krishtlindjeve;
- 19 Janari, Epifania (Ujët e bekuar);
- E Premtja e Madhe, e premtja para Pashkëve;
- 28 Gushti, Ngjitja e Zonjës Shënmëri në qiell (Zonja e Madhe), dhe
- Përshpirtjet, e premtja para Përshpirtjeve.

Në Republikën e Maqedonisë festohen dhe ditë jo pune janë:

- Bajrami i Kurbanit, dita e parë e Bajramit të Kurbanit për besimtarët e konfesionit mysliman;
- 22 Nëntori, Dita e alfabetit të gjuhës shqipe për pjesëtarët e bashkësisë shqiptare;
- 21 Dhjetori, Dita e mësimit në gjuhën turke për pjesëtarët e bashkësisë turke;
- Jom Kipur, dita e parë e Jom Kipurit për pjesëtarët e bashkësisë hebraike;
- dita e parë e Krishtlindjeve, dita e dytë e Pashkëve dhe Festa e të gjithë shenjtorëve, sipas Kalendarit gregorian për besimtarët e konfesionit katolik;
- 27 Janari, Shën Sava për pjesëtarët e bashkësisë serbe;
- 8 Prilli, Dita ndërkombëtare e romëve për pjesëtarët e bashkësisë rome;
- 23 Maji, Dita kombëtare e vllehve për pjesëtarët e bashkësisë vllahe dhe
- 28 Shtatori, Dita ndërkombëtare e boshnjakëve për pjesëtarët e bashkësisë boshnjake.”

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**237.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2007 година.

Бр. 07-670/1
9 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005 и 37/2006), во членот 55 став 2 алинеја 3 на крајот се додаваат зборовите: „по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од Сојузот".

Во алинејата 4 зборовите: „Стопанската комора" се заменуваат со зборовите: „коморите на стопанствениците во Република Македонија, по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од коморите".

Во алинејата 5 на крајот се додаваат зборовите: „по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од коморите".

Член 2

Членот 57 се менува и гласи:

"Работоводниот орган на Фондот (во натамошниот текст: директор) се состои од две лица, кои се подеднакво одговорни за работењето на Фондот и за обврските што се преземаат во правниот промет.

За директор на Фондот се именува домашно или странско физичко лице кое ќе понуди најквалитетна програма за работа на Фондот и кое ги исполнува следниве услови:

- високо образование од областа на менаџментот, економските науки, финансиите, бизнис администрацијата, менаџмент со јавното здравство, медицинските науки или правните науки,
- најмалку шест години работно искуство од областа на финансиите или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување и
- познавање на прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

При именувањето на директор на Фондот едно од лицата кое се именува за директор задолжително треба да има високо образование од областа на менаџментот, економските науки, финансиите или јавната администрација.

Директорот на Фондот се именува по пат на јавен конкурс, за време од четири години, со можност за уште еден избор.

Конкурсот од ставот 4 на овој член се објавува најмалку во два дневни весници, од кои во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и на весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во меѓународно јавно гласило.

Во конкурсот се определува времетраењето на конкурсот кое не може да биде пократко од 30 дена.

Директорот на Фондот, по спроведениот конкурс од ставот 4 на овој член, на предлог на министерот за здравство, го именува Владата на Република Македонија.

По именувањето на директорот на Фондот се склучува менаџерски договор меѓу именуваните лица за директор и Владата на Република Македонија. "

Член 3

По членот 58 се додава нов член 58-а, кој гласи:

"Член 58-а

Актите и финансиските документи од надлежност на директорот ги потпишуваат двете лица.

Ако актот или финансискиот документ од ставот 1 на овој член е потпишан само од едното лице се смета дека истиот не е потпишан.

Ако актот или финансискиот документ не се потпишани од двете лица во рок од пет дена, Управниот одбор на Фондот донесува конечна одлука по истиот во наредните три дена."

Член 4

Во членот 59 став 1 зборот "ги" се заменува со зборот "го", а зборовите: "заменикот на директорот" се бришат.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Во случаите од ставот 1 алинеи 3 до 7 на овој член, Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за здравство ќе ги разреши двете лица именувани за директор.

Ако директорот биде разрешен согласно со ставот 1 на овој член Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за здравство, ќе именува вршител на должноста директор, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеца. "

Член 5

Насловот на делот IV "Казнени одредби" се менува и гласи "Прекршочни санкции".

Член 6

Во членот 84 став 1 зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни и" се заменуваат со зборовите: "глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на".

Во ставот 3 зборовите: "ќе се казни со парична казна од 40.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на".

Член 7

Во членот 85 став 1 зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни со парична казна од 40.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност и на".

Член 8

Во членот 86 став 1 зборовите: “Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни” се заменуваат со зборовите: “Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече “.

Во ставот 2 зборовите: “ќе се казни со парична казна од 40.000 до 50.000 денари и” се заменуваат со зборовите: “ќе се изрече глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност и на “.

Член 9

Фондот е должен најдоцна во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласи Статутот со одредбите на овој закон.

Член 10

До именувањето на директор според условите утврдени со овој закон постојниот директор и заменик на директорот на Фондот продолжуваат да ги вршат должностите на директор и заменик на директор, но не подолго до истекот на мандатот.

Член 11

Фондот од денот на влегувањето во сила на овој закон може да врши јавни набавки за потребите на здравствените установи по склучени договори пред денот на влегувањето во сила на овој закон, како и да склучува договори за извршување на групна набавка согласно со Законот за јавните набавки до 1 јули 2007 година.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM SHËNDETËSOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurimin shëndetësor (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005 dhe 37/2006) në nenin 55 paragrafi 2 alineja 3, në fund shtohen fjalët: “sipas principit të rotacionit vjetor të përfaqësuesve të autorizuar të Lidhjes”.

Në alinenë 4 fjalët: “Oda Ekonomike” zëvendësohen me fjalët: “odat e afaristëve në Republikën e Maqedonisë, sipas principit të rotacionit vjetor të përfaqësuesve të autorizuar të odave”.

Në alinenë 5 në fund shtohen fjalët: “sipas principit të rotacionit vjetor të përfaqësuesve të autorizuar të odave”.

Neni 2

Neni 57 ndryshon si vijon:

“Organi punëdrejtues i Fondit (në tekstin e mëtejmë: drejtori) përbëhet nga dy persona, të cilët mbajnë përgjegjësi të barabartë për punën e Fondit dhe për obligimet që ndërmerren në qarkullimin juridik.

Drejtor i Fondit emërohet personi i vendit ose i huaj fizik, i cili do të ofrojë program më kualitativ për punën e Fondit dhe i cili i plotëson kushtet si vijojnë:

- arsim universitar nga sfera e menaxhmentit, shkencave ekonomike, financave, administratës së biznesit, menaxhmentit me shëndetësinë publike, shkencave mjekësore ose shkencave juridike,
- së paku gjashtë vjet përvojë pune nga sfera e financave ose menaxhmentit ose nga sistemi dhe organizimi i mbrojtjes shëndetësore dhe sigurimit shëndetësor, dhe
- njohja e dispozitave nga sfera e mbrojtjes shëndetësore dhe sigurimit shëndetësor.

Gjatë emërimit të drejtorit të Fondit njëri nga personat i cili emërohet drejtor detyrimisht duhet të ketë arsim universitar nga sfera e menaxhmentit, shkencave ekonomike, financave ose administrata publike.

Drejtori i Fondit emërohet në bazë të konkursit publik, me mandat katërvjeçar, me mundësi edhe për një rizgjedhje.

Konkursi nga paragrafi 4 i këtij neni botohet së paku në dy gazeta ditore, prej të cilave nga një në gazetat që botohen në gjuhën maqedonase dhe në gazetat që botohen në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% e qytetarëve që flasin gjuhë zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase dhe në gazetë publike ndërkombëtare.

Në konkurs caktohet afati i konkursit i cili nuk mund të jetë më i shkurtër se 30 ditë.

Drejtorin e Fondit, pas konkursit të zbatuar nga paragrafi 4 i këtij neni, me propozim të ministrit të Shëndetësisë, e emëron Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Pas emërimit të drejtorit të Fondit lidhet marrëveshje e menaxherëve ndërmjet personave të emëruar për drejtorë dhe Qeverisë të Republikës së Maqedonisë. “

Neni 3

Pas nenit 58 shtohet neni i ri 58-a si vijon:

“Neni 58-a

Aktet dhe dokumentet financiare nga kompetenca e drejtorit i nënshkruajnë të dy personat.

Nëse akti ose dokumenti financiar nga paragrafi 1 i këtij neni është nënshkruar vetëm nga njëri person, konsiderohet se i njëjti nuk është nënshkruar.

Nëse akti ose dokumenti financiar nuk janë nënshkruar nga të dy personat në afat prej pesë ditësh, Këshilli drejtues i Fondit merr vendim përfundimtar sipas të njëjtit në tri ditët e ardhshme.“

Neni 4

Në nenin 59 në paragrafin 1 fjala “i” zëvendësohet me fjalën “e” ndërsa fjala “zëvendësdrejtori” fshihet.

Pas paragrafit 1, shtohen dy paragrafë të rinj 2 dhe 3, si vijojnë:

“Në rastet nga paragrafi 1 alinetë 3 deri në 7 të këtij neni, Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozimin e ministrit të Shëndetësisë do t’i shkarkojë të dy personat e emëruar për drejtorë.

Nëse drejtori do të shkarkohet sipas paragrafit 1 të këtij neni, Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozimin e ministrit të Shëndetësisë, do të emërojë ushtrues të detyrës drejtor, deri në emërimin e drejtorit me konkurs të shpallur, por jo më gjatë se gjashtë muaj.“

Neni 5

Titulli i pjesës IV “Dispozita ndëshkuese” ndryshon si vijon “Sanksione për kundërvajtje”.

Neni 6

Në nenin 84 paragrafi 1 fjalët: “Me dënim me para prej 200 000 deri në 300 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje”, zëvendësohen me fjalët: “Gjobë prej 3 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje të”.

Në paragrafin 2 fjalët: “me dënim me para prej 40 000 deri në 50 000 denarë do të dënohet edhe”, zëvendësohen me fjalët: “gjobë prej 600 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t’i kumtohet edhe”.

Në paragrafin 3 fjalët: “do të dënohet me dënim me para prej 40 000 deri në 50 000 denarë edhe”, zëvendësohen me fjalët: “gjobë prej 600 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t’i kumtohet edhe”.

Neni 7

Në nenin 85 paragrafi 1 fjalët: “Me dënim me para prej 200 000 deri në 300 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë prej 3 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t’i kumtohet për kundërvajtje”.

Në paragrafin 2 fjalët: “do të dënohet me dënim me para prej 40 000 deri në 50 000 denarë edhe”, zëvendësohen me fjalët: “do t’i kumtohet gjobë prej 600 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë edhe”.

Neni 8

Në nenin 86 paragrafi 1 fjalët: “Me dënim me para prej 200 000 deri në 300 000 denarë do të dënohet” zëvendësohen me fjalët: “Gjobë prej 3 000 deri në 5 000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet”.

Në paragrafin 2 fjalët: “do të dënohet me dënim me para prej 40 000 deri 50 000 denarë edhe”, zëvendësohen me fjalët: “do t'i kumtohet gjobë prej 600 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë edhe”.

Neni 9

Fondi është i obliguar që më së voni në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji ta harmonizojë Statutin me dispozitat e këtij ligji.

Neni 10

Deri në emërimin e drejtorit sipas kushteve të përcaktuara me këtë ligj, drejtori ekzistues dhe zëvendësdrejtori i Fondit vazhdojnë t'i kryejnë detyrat e drejtorit dhe zëvendësdrejtorit, por jo më gjatë se deri në skadimin e mandatit.

Neni 11

Fondi nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji mund të bëjë furnizime publike për nevojat e institucioneve shëndetësore sipas marrëveshjeve të lidhura para ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji, si dhe të lidhë marrëveshje për të bërë furnizim grupor sipas Ligjit për furnizime publike deri më 1 korrik 2007.

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**238.**

Врз основа на член 45, став 2, алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04 и 96/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.02.2007 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО КУЛТУРАТА ВО 2007 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за распределба на наменските дотации за локалните установи во културата, по општини, општините во градот Скопје и градот Скопје во 2007 година.

Член 2

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2007 година во Раздел 18010, Програма А2 – пренесување на надлежностите на ЕЛС, на ставка 442, е планирана наменска дотација за локалните установи во културата во вкупен износ од 64.000.000 денари.

Член 3

Од вкупните средства утврдени во Буџетот на Република Македонија за областа култура во 2007 година се распределуваат наменски дотации за локалните установи во културата, по општини, општините во градот Скопје и градот Скопје, по следните критериуми:

- Историски трошоци: Појдовна основа за утврдување на наменските дотации за локалните установи за култура, се средствата што во претходната година се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за наменски дотации;

- Варијабилни трошоци: средства за финансирање на активности за библиотечна, музејска и музичко-сценска дејност од локален интерес, во зависност од квалитетот и значењето;

- Материјални трошоци: средства за дел од материјалните трошоци за 2007 година се покриваат до 200 ден. од $м^2$ (за електрична енергија, за затоплување, за комунални услуги и други услуги и за одржување на објектите во зависност од површината на објектите);

- Средства за осигурување на недвижности и права: по цени (полиси) на осигурување на установите во културата за 2004 година и тоа: за осигурување од пожар на објектите по пазарна вредност и 11 ден. по $м^2$ од премија; за опремата по пазарна вредност за 2004 година и по премиска стапка; за книжниот фонд по број на книги, по вредност од 50 ден. за книга и 0,015 денари по книга од премија; за вредносна опрема по утврдена вредност и по премиска стапка; за информатичка опрема по пазарна вредност и по премиска стапка; за стакло по $м^2$ по вредност за секој вид на стакло и по премиска стапка и за животните во ЗОО по утврдена вредност на животните по видови и по премиска стапка.

Член 4

Министерството за култура ќе ги преведува средствата за наменски дотации за локалните установи, месечно на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, согласно Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.01.2007 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-587/1 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2007 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

---

**239.**

Врз основа на член 95, став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија” бр. 67/04 и 14/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 февруари 2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ КУКЛИЦА ЗА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за прогласување на локалитетот Куклица за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-601/1 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2007 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

---

**240.**

Врз основа на член 9, став 1 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија” бр. 26/96, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04 и 31/06) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 февруари 2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за утврдување на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/94, 60/95, 41/96, 47/97, 107/00, 112/00, 26/01, 40/01, 72/01, 79/01, 81/01 и 36/04), во точката 1 под Б се додава:

“К1-Р 112, Врска со Р – 112 – Чавка – Момина Чука“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 19-657/1
11 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**241.**

Врз основа на член 2 став 3 и член 18 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 36/90 и („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 23/97, 37/2005 и 84/2005) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 февруари 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006 и 46/2006), во член 1 од Одлуката, во табелата:

Во насловот „заменик на директор на орган во состав во министерство според посебен закон" текстот во алинејата

- „заменик на директорот на Управата за цивилна воздушна пловидба-2,6"се брише, а се заменува со текстот

- „ заменик на директорот на Бирото за развој на образованието – 2,2 "

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 33–737/1
6 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**242.**

Врз основа на член 242 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 и 84/2005) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 февруари 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС"-ЈП „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ" - ДООЕЛ ВЕЛЕС**

1.Се отповикува управителот на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес"- ЈП „Македонски Железници"- ДООЕЛ-Велес Тодор Босилков, дипломиран машински инженер, поради истек на мандатот.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 33–738/1
6 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**243.**

Врз основа на член 243 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 и 84/2005) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 февруари 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС", ДООЕЛ-ВЕЛЕС**

1.За управител на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес", ДООЕЛ-Велес се избира Фанија Стојановска, дипл. инженер технолог.

2.Управителот се избира за време од четири години.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33–739/1
6 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**244.**

Врз основа на член 246 став 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 и 84/2005) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 февруари 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС"- ЈП „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ", ДООЕЛ-ВЕЛЕС**

1. Со оваа одлука се отповикуваат членовите на Надзорниот одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес"- ЈП „Македонски Железници" – ДООЕЛ –Велес, поради истек на мандатот.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33–740/1
6 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**245.**

Врз основа на член 246 став 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 и 84/2005) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6 февруари 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО ФАБРИКА ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА „ВЕЛЕС", ДООЕЛ-ВЕЛЕС**

1.За членови на Надзорниот одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес", ДООЕЛ-Велес се избираат:

- Горѓи Аврамов,
- Зоран Кимовски,
- Сашко Димов,
- Петар Кипровски,
- Томе Каратрајков.

2. Членовите на Надзорниот одбор се избираат за време од четири години.

**1. Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни)**

Континуираната научноистражувачка работа низ научни проекти во природните, биотехничките, техничките, медицинските хуманитарни и општествените науки е основен предуслов за стабилен развој на државата. Во областите од национален карактер како што се историјата, македонскиот јазик, фолклорот и археологијата постојат области кои што сеуште не се доволно истражени, а кои се од големо значење за меѓународното афирмирање на нашата држава. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во науката треба да се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научноистражувачката работа го спречува т.н. "одлив на мозоци" од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежен стабилен и континуиран развој на државата.

Министерството за образование и наука во текот на 2007 година ќе го намали бројот на финансирани проекти, односно ќе се финансираат помал број проекти со зголемен износ на средствата за реализација на истражувањата. Крајна цел на овој пристап е концентрација на средствата, овозможување на интердисциплинарност и зајакнување на одговорноста на истражувачите. Воедно се предвидува поголема транспарентност и отчетност на истражувачите преку перманентна јавна презентација на резултатите од истражувањата.

Во 2007 година продолжуваат со финансирање 73 национални и 70 меѓународни научноистражувачки проекти кои се реализираат во билатерална соработка со Словенија, Хрватска, Франција, Бугарија, Србија и Црна Гора, Турција, Албанија и како и COST акции. Со новиот конкурс се планира да се прифатат и 100 нови проекти чие финансирање ќе почне во текот на 2007 година.

**2. Издавачка дејност**

Резултатите од научноистражувачката дејност се главен индикатор за активноста на научните работници. Тие се верификуваат преку нивно објавување во форма на трудови во печатени книги и научни списанија, зборници издадени од научните институции и зборници од одржани научни собири. Печатеното издаваштво е незаменлив начин на комуникација на научниот работник со соодветната научна јавност, но и пошироко.

Научните работници од Република Македонија со објавувањето на конкурсот за 2007 година за издавачка дејност, резултатите од своите истражувања ќе ги објават преку издавање на 40 научни списанија и околу 100 научни книги чие печатење делумно ќе биде потпомогнато со средства од Министерството за образование и наука.

**3. Стипендии на студенти на постдипломски студии**

Министерството за образование и наука и во 2007 година ќе доделува средства за 120 стипендии за млади талентирани научни кадри-постдипломци преку објавување на конкурс за доделување на средства за стипендии на кандидати со висок просек на завршени студии. Воедно ќе се одобруваат средства за еднократна помош за изработка и одбрана на магистерски и докторски трудови.

Во текот на 2007 година Министерството ќе продолжи со финансирање на 160 постдипломци кои студираат во Република Македонија со месечен износ на стипендија од 4.500 денари.

Во текот на 2007 година Министерството ќе финансира престој на странски постдипломци и докторанти кои студираат во Република Македонија.

**4. Организирање на научни собири во Република Македонија**

Министерството за образование и наука го поддржува организирањето на научни собири од национален и меѓународен карактер. Се проценува дека бројот на тие собири во 2007 година ќе биде во пораст. Во тој смисол посебно треба да се истакнат Семинарот за македонски јазик и литература кој се одржува традиционално секоја година. За оваа година Министерството за образование и наука ќе кофинансира околу 50 научни собири во Република Македонија.

**5. Учество на научни работници на меѓународни собири**

Усовршувањето на научните работници во странство се остварува преку различни видови на нивно активно учество на конференции, семинари, конгреси и симпозиуми. За овие престои се покриваат дел од патните трошоци и дневните трошоци и котизацијата за учество на собирот.

Во текот на 2007 година се планира да се реализираат 225 учества на научни собири во странство, 72 престои на странски научни работници во Република Македонија во врска со одобрени научноистражувачки проекти кои се реализираат преку билатерална соработка со Турција, Хрватска, Германија, Словенија, Франција, Бугарија, Италија, Албанија,Србија и Црна Гора.

**6. Студиски престои во странство и престој на странски научни работници во РМ**

Еден од инструментите за поддршка на усовршувањето на научно-истражувачките кадри во странство е кофинансирањето на студиските престои. И во доделувањето на овие средства ќе се заострат критериумите при што ќе се врши селекција на апликантите за ваков вид на поддршка врз основа на должината на престојот, статусот на институцијата каде ќе се престојува, програмата на престојот и др. За оваа година Министерството за образование и наука ќе кофинансира околу 80 студиски престои во странство. Средства ќе се доделуваат и за странски научни работници кои престојуваат заради реализација на меѓународни научноистражувачки проекти кои се изведуваат во Република Македонија.

**7. Програми на јавните научни установи**

Од програмата 7-наука потпрограма 71-научноистражувачка дејност за јавните научни установи (научните институти) се издвојуваат средства за програмските активности: научноистражувачки проекти, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на научни собири во странство, студиски престои во странство, престој на странски научни работници во РМ, набавка на научноистражувачка опрема, набавка на странска научна литература, адаптација и санација на објекти и др.

**8. Набавка на научна странска литература**

Во изминатите години дојде до прекинување на набавката на странска литература за потребите на научноистражувачките институции. Во 2007 година се планира да се пополни таа празнина и да се продолжи со континуирана набавка на научната литература (периодика).

Најновите светски научни податоци и резултати, кои најчесто се сместуваат во посебни информатички бази на податоци несомнено треба да бидат достапни за нашите научни истражувачи. Пристапот до овие бази воедно овозможува и размена на научните информации со што се придонесува нашата држава да биде активен учесник во процесот на научната глобализација.

**9. Други расходи - (реферална дејност, исплата на рецензии за проекти и други активности)**

Формирањето на единствена база на податоци за сите научни работници во државата со целокупна научноистражувачка активност е примарна потреба. Преку базата на податоци секогаш може да се има увид во потенцијалот на научните работници со што би бил ефикасно ангажиран развојот на државата. Во 2007 година се планира формирањето на базата да се заврши на македонски јазик, додека следната фаза би била нејзино вклучување во меѓународните бази. За оваа активност е ангажиран Рефералниот центар при НУБ “Св. Климент Охридски“.

Исто така се врши исплата на рецензии на научни работници кои извршиле рецензирање на нови проекти, годишни извештаи и завршни извештаи (национални и меѓународни проекти).

## II. ПРОГРАМА ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2007 ГОДИНА

Во согласност со Уставот на Република Македонија и Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, државата ќе продолжи да ја остварува обврската за поттикнување и помагање на технолошкиот развој. Средствата за оваа намена се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2007 година. Дополнителни средства за оваа намена ќе се обезбедуваат и преку учество на носителите на технолошкиот развој, пред се од претпријатијата.

За 2007 година, средствата во Буџетот на Република Македонија за поттикнување и помагање на технолошкиот развој ќе бидат наменети за: развојно-истражувачки проекти; поддршка на иновациони предлози и развој на технолошка инфраструктура.

Со оглед на потребата од поинтензивен техничко-технолошки развој на државата и заживување на стопанството преку активирање на постојните и стимулирање за отворање нови производни капацитети, средствата определени во Буџетот на Република Македонија за 2007 година во најголем дел, ќе се насочат кон софинансирање на развојно- истражувачки проекти. Тоа подразбира софинансирање проекти за усвојување и развој на сопствени технологии, нови производи, рационализација и иновирање на постојните производни капацитети и др.

Развојот, усовршувањето и дооформувањето на технолошката инфраструктура ќе се софинансира, а за поттикнување и поддршка на иновациони активности.

Треба да се нагласи дека се отпочнати активности за поддршка на проекти од технолошките јадра формирани на факултетите и осовременување на техничко-технолошката инфраструктура во функција на поттикнување, помагање и интензивирање на технолошкиот развој на државата.

Заради екстремно рестриктивните средства кои се во голем расчекор со потребите, во 2007 година, ќе биде доведена во прашање реализацијата на планираните програмски активности. Ова особено негативно ќе се одрази на создадената позитивна клима во стопанството за користење на средства за развојни проекти, изразено со постојано зголемување на бројот на предложените проекти во рамки на годишните конкурси, што секоја година интересот се зголемува, а државата не е во состојба целосно да ги подржува таквите активности.

**1. Развојно - истражувачки проекти**

Применетите и развојните истражувања ќе се софинансираат со средства од Буџетот. Тоа значи дека во текот на 2007 година би можеле да се прифатат за софинансирање нови развојно-истражувачки проекти, чии носители се претпријатија, развојно-истражувачките единици во стопанството, со задолжителна соработка (директно ангажирање) на истражувачки кадар од универзитетите во Република Македонија.

Потребата од планирање во Буџетот на предвидените средства се должи на позитивните искуства и резултати од софинансирањето на ваков вид проекти во изминатиот повеќегодишен период. Ефектите од софинансирањето на развојно - истражувачките проекти резултираат во: нови производи, нови производни линии и погони, рационализација во производните процеси, супституција на неквалитетни или увозни суровини и сл.

**2. Поттикнување на иновациони предлози**

За софинансирање на пронаоѓаштвото, иноваторството и рационализаторството, како значајни компоненти за пораст на вкупниот развој на државата од доделените средства во Буџетот за 2007 година се планирани финансиски средства.

Со средствата ќе се софинансираат предлози за изработка на прототипови, иновативни решенија на поединци, настапи на иноватори од Република Македонија на меѓународни саеми и изложби, како и организирањето на изложбата МАКИНОВА-2007, бидејќи развојната способност и технолошкиот дострел на секоја земја денес, се мерат по бројот на иновациите создадени од сопствениот истражувачки кадар.

Резултатите од досегашните вложувања на државата во поттикнување на иновативното творештво говорат дека средствата вложени за овој вид на активности се повеќе од оправдани и дека треба да се прават напори за зголемување на вложувањата на државата за вакви цели.

**3. Технолошка инфраструктура**

Средствата од Буџетот за 2007 година, утврдени за развој на технолошката инфраструктура ќе се наменат за софинансирање на функционирањето на веќе формираните иновациони центри како функционални целини на Сојузот на пронаоѓачите и авторите на технички унапредувања во одделни општини во Република Македонија (Штип, Охрид и др.) и за поддршка на технолошките јадра на факултетите. Доколку не бидат обезбедени вонредни средства за оваа намена, нема можност за пообемни активности од овој домен.

## III. ПРОГРАМА ЗА ТЕХНИЧКА КУЛТУРА ЗА 2007 ГОДИНА

Пресметката за користење на финансиските средства за техничката култура за 2007 година произлегува од Предлог-програмата за поттикнување и помагање на техничката култура во Република Македонија за 2007 година и од одредбите на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура.

Средствата за поттикнување и помагање на техничката култура во Буџетот на Република Македонија за 2007 година се утврдени и се наменети за носителите на дејноста кои имаат јавно овластување. Финансирањето на активностите во дејноста ќе се остварува и преку софинансирање од страна на носителите на техничката култура од сопствени извори.

**1. Обука за техничка култура (Програмски активности-програми за работа и проекти)**

Во согласност со Програмата за поттикнување и помагање на техничката култура во Република Македонија за 2007 година и одредбите од Законот за поттикнување и помагање на техничката култура, за обука за

техничка култура, односно за реализација на програмските активности е планирано да се искористат сите доделени средства во Буџетот за 2007 година.

Со овие средства ќе се обезбеди покривање на трошоците за организирање обука за техничката култура преку:

- семинари и курсеви во домовите за техничка култура и во струковите сојузи;

- државни манифестации (Државна смотра на млади техничари и природници; Државна смотра “Наука на младите“; Државно првенство во ХСТ; Државен собир на радиоаматерите; Државен фестивал на аматерскиот филм; Денови на македонската фотографија; Државна изложба на фотографии; Летна фото и филмска школа; Државен собир на воздухопловните и ракетните моделари; МАКИНОВА 2007-јубилеј 25 години; ЕКОНОВА 2007; Државен натпревар на тракористи; Изложба на подводни фотографии; и др.); и

- меѓународни натпревари, манифестации и котизации (Светско првенство на радиоаматерите во ХСТ за кое Република Македонија е домаќин; Светски натпревар на УКТ во Република Македонија; Светски куп во ракетно моделарство; Меѓународен фестивал на непрофесионален документарен филм “Камера 300“; ФОТОМЕДИА 2007; и др.)

**2. Материјални трошоци**

Средствата за материјални трошоци за реалните потреби за остварување на програмските активности на носителите на дејноста техничка култура во државата за 2007 година се предвидува да се обезбедуваат од носителите на дејноста.

**3. Санација на објекти и набавка на опрема**

За санација на објекти и набавка на опрема во домовите и клубовите за техничка култура не е предвидено да се наменат средства добиени од Буџетот за 2007 година.

Средствата кои се потребни за инвестиции и опрема во домовите за техничка култура, за реконструкција на кровни конструкции, набавка на мерна техника, набавка на телекомуникациони релејни уреди, оспособување на микросметачки кабинети и др. се планира да се обезбедат преку донации или преку конкурирање во посебни програми за инвестиции-санација и набавка на опрема за 2007 година.

Рекапитуларот на предвидените средства за научноистражувачка дејност, технолошки развој и техничка култура по намени за 2007 година е прикажан на наредната табела:

Табела 1. Преглед на распределените средства за научноистражувачката дејност за 2007 година

ФИНАНСИСКИ ПЛАН-РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД РАЗДЕЛОТ 16001-МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА-СЕКТОР ЗА НАУКА И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ТЕХНИЧКА КУЛТУРА ПОТПРОГРАМА 71-НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Реден бр. | Програма | РАСХОДНИ СТАВКИ | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ | Распоред на средствата за 2007 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 7 | 420-Патнин и дневни расходи | Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни), организирање на научни собири, учество на научни собири во странство, студиски престои во странство | 28.300.000 |
| 2 | 7 | 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни) | 9.500.000 |
| 3 | 7 | 423-Ситен инвентар, алат и други материјали | Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни), организирање на научни собири, технолошки развој | 18.500.000 |
| 4 | 7 | 424-Поправки и тековно одржување | Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни), технолошки развој, адаптација и санација | 11.800.000 |
| 5 | 7 | 425-Договорни услуги | Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни), издавачка дејност, учество на научни собири во странство, набавка на странска научна литература, технолошки развој, техничка култура и други расходи | 35.000.000 |
| 6 | 7 | 426-Други тековни расходи | Научноистражувачки проекти (национални и меѓународни) | 200.000 |
| 7 | 7 | 464-Разни трансфери | Стипендии за последипломски студии и еднократна помош за изработка на м-р и д-р, Државна награда Гоце Делчев | 26.000.000 |
| | | | ВКУПНО СРЕДСТВА | 129.300.000 |

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-310/1
11 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**329.**

Врз основа на член 69, став 1 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија” бр. 47/97, 7/00 и 89/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.02.2007 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Македонија за 2007 година („Службен весник на Република Македонија” бр.139/06), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 -ŠШумарство, Потпрограма 20 - Шумарство, Ставка 485 - Други нефинансиски средства, се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршителите на работите, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2007 година.

Средствата за реализација на оваа програма, особено ќе се користат за:

- пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани шуми и шикари;

- санирање на опожарени шумски површини и спречување на ширењето на масовното сушење на боровите шуми и шумски култури;

- нега, превентивна заштита и сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари и

- обезбедување на шумски саден материјал за пошумување.

II

За извршување на активностите од дел I на оваа програма, се утврдуваат средства од следните извори:

| | Денари |
|---|---|
| 1. Буџетот на Република Македонија | 25.000.000,00 |
| 2. Сопствените приходи | 50.000.000,00 |
| - ЈП и други | 42.500.000,00 |
| - промет на дрво | 500.000,00 |
| - приватни шуми | 7.000.000,00 |
| Вкупно: | 75.000.000,00 |

III

Средствата од дел II на оваа програма ќе се користат за следните намени:

1. За пошумување на голини и ерозивни земјишта се утврдуваат средства во износ од 32.800.000,00 денари.

Со овие средства ќе се изврши пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост. Извршителот на работите ќе изврши пошумување на механизирано или рачно подготвена почва, ќе обезбеди и посади соодветен шумски саден материјал и ќе изврши други работи кои се потребни за комплетно пошумување на 820 ха. За извршено пошумување на 1 ха ќе се исплатат по 40.000,00 денари, или за 820 ха вкупно 32.800.000,00 денари.

2. За спроведување на одгледни мерки со прореди во шумски култури подигнати на голини и ерозивни земјишта, се утврдуваат средства во износ од 9.600.000,00 денари.

Со овие средства ќе се извршат прореди во шумските култури во државна сопственост, на површина од 740 ха и прореди во шумските култури во приватна сопственост на површина од 60 ха. За извршување на одгледните мерки ќе се исплатат по 12.000,00 денари за 1 хектар, или за 800 ха вкупно 9.600.000,00 денари.

3. За мелиорација на деградирани дабови шуми се утврдуваат средства во износ од 6.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се изврши преведување на деградирани дабови шуми во повисока форма на одгледување на површина од 150 ха. Извршителот на работите ќе изврши отстранување на постоечката дрвна маса, ќе изврши соодветна припрема на почвата за пошумување и ќе изврши пошумување со садници од родот на дабовите (Quercus). За извршување на мелиорација ќе се исплатат по 40.000,00 денари за 1 хектар, или за 150 ха вкупно 6.000.000,00 денари.

4. За отстранување на последиците од шумски пожари од пошироки размери преку вештачка обнова и спречување на ширењето на масовното сушење на боровите шуми и шумски култури се утврдуваат средства во износ од 6.000.000,00 денари.

Со овие средства ќе се реализираат следните работи:

- отстранување на последиците од шумски пожари од поширoки размери преку вештачка обнова на површина од 100 ха, сечење на исушени стебла и стебла кои се во фаза на сушење и воспоставување на шумски ред согласно законските прописи. На места каде не успеала природна обнова ќе се изврши соодветна обработка на почвата и ќе изврши повторно пошумување со садници. За извршување на оваа мерка, ќе се исплатат по 40.000,00 денари за 1 ха, или за 100 ха вкупно 4.000.000,00 денари и

- спречување на ширењето на масовното сушење на боровите шуми и шумски култури во регионите на Прилеп, Битола и Берово, на површина од 50 ха, сечење на исушените стебла и стебла кои се во фаза на сушење, отстранување на посечената дрвна маса и воспостување на шумски ред. За извршување на оваа мерка, ќе се исплатат по 40.000,00 денари за 1 ха, или за 50 ха вкупно 2.000.000,00 денари.

5. За обезбедување на шумски саден материјал се утврдуваат средства во износ од 6.040.000,00 денари.

Со овие средства ќе се обезбедат вкупно 470.500 шумски садници кои ќе се користат за следните намени:

- за пошумување на земјиште во приватна сопственост (голини, сечишта и друго) ќе се обезбедат 430.000 броја садници со просечна цена од 12,00 денари за една садница и ќе им се доделат на сопствениците на приватното земјиште преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и

- за спроведување на Одлуката за определување ден за еколошка акција на младите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/01) ќе се обезбедат 40.000 садници со просечна цена од 12,00 денари за една садница и 500 садници со просечна цена од 800,00 денари за една садница. Садниците ќе се распределат рамномерно на општинските координативни одбори, односно други организатори за спроведување на Еколошката акцијата во Република Македонија.

6. За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства во износ од 10.800.000,00 денари.

Со овие средства ќе се реализираат следните работи:

- ќе се извршат теренски увиди и лабораториски испитувања на главните причинители за оштетувањата на шумите и шумските култури во Република Македонија. Исто така, ќе се изврши анализирање на податоците од биоиндикациските точки поставени на територијата на Република Македонија, добиени од шумарските инженери задолжени за заштита на шумите на своето подрачје, вработени во субјектите кои стопанисуваат со шумите. Работите ќе се извршат од страна на експертите од Катедрата за заштита на шумите и дрвото при Шумарскиот факултет - Скопје, односно Центарот за ИДП служба. Врз основа на детални анализи, Центарот за ИДП служба ќе изготви Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2007 година и ќе препорача мерки кои треба да се преземат за да се спречи ширењето на определени штетници и ќе изготви Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикациските точки во 2007 година. За оваа намена се определуваат средства во износ од 800.000,00 денари.

- ќе се изврши авиосузбивање на штетникот боров четник (Thaumatopea pityocampa Schiff.) во боровите шуми и шумски култури на површина од околу 10.000 ха во повеќе региони во Република Македонија. За извршување на оваа мерка се определуваат средства во износ од 10.000.000,00 денари.

7. За финансирање на активностите и мерките кои се во директна функција на програмските активности, утврдени се средства во износ од 3.760.000,00 денари и тоа:

- за изработка на Студија за превентивна и пресупресивна заштита на шумите од пожари во Република Македонија, се утврдуваат средства во износ од 1.000.000,00 денари;

- за изработка на Студија за шумски подрачја ризични од ерозија во Република Македонија, се утврдуваат средства во износ од 1.000.000,00 денари;

- за учество на конгреси, советувања, семинари, симпозиуми, билатерални, мултилатерални и други средби од областа на шумарството кои се во функција на стручно унапредување и осовременување на програмските активности, се утврдуваат средства во износ од 1.420.000,00 денари и

- за недоволно предвидени работи кои ќе произлезат во текот на годината при реализација на програмата, се утврдуваат средства во износ од 340.000,00 денари.

IV

Реализацијата на работите наведени во дел III, точка 1, 2, 3 и 4 од оваа програма, ќе се вршат врз основа на соодветни оперативни програми изработени од страна на извршителите на работите. Со програмите се утврдуваат мерките кои ќе се извршат, локациите, вкупната површина изразена во ха, како и другите поединости кои се поврзани со конкретната работна задача. Програмите се изработуваат на концизен и јасен начин.

Извршителите на работите, односно корисниците на средствата од дел III, точка 1, 3 и 4 на оваа програма, се правните лица од областа на шумарството, односно Јавното претпријатие „Македонски шуми”-Скопје и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

Извршителите на работите, односно корисниците на средствата од дел III точка 2 на оваа програма, се правните лица од областа на шумарството, односно Јавното пpертпријатие „Македонски шуми”- Скопје, правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена и сопствениците на приватни шуми.

Садниците наведени во дел III, точка 5, алинеи 1 и 2 од оваа програма, ќе се употребат за пошумување на земјиште во приватна сопственост и за спроведување на Еколошката акција на младите во Република Македонија. Корисници на шумските садници се сопствениците на приватно земјиште кои планираат да извршат пошумување на определена површина, а корисниците на садниците за спроведување на Еколошката акција се општинските координативни одбори, односно други организатори на Еколошката акција.

Распределба на шумските садници наменети за пошумување од дел III , точка 5, алинеи 1 и 2, ќе се врши преку Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на средствата од дел III, точка 1, 2, 3 и 4 на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП „Македонски шуми”-Скопје, правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена и сопствениците на приватните шуми.

Исплатата на средствата од дел III, точка 5 на оваа програма, ќе се врши врз основа на документација за издадени садници и по добиено известување од подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека садниците се наменски потрошени.

Исплатата на средствата од дел III, точка 6 на оваа програма, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Шумарскиот факултет - Скопје и со јавна набавка.

Исплатата на средствата од дел III, точка 7 на оваа програма, ќе се врши врз основа на договори склучени помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Шумарскиот факултет - Скопје и врз основа на донесени решенија од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и/или врз основа на договори склучени помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите .

V

Средствата од оваа програма се неповратни.

VI

Доколку при реализација на оваа програма дојде до зголемување на обемот на мерките и активностите во одделни позиции, а другите мерки и активности делумно или воопшто не се реализираат во текот на годината, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе изврши пренамена на средствата од една во друга позиција во рамките на вкупно расположивите средства.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-614/1 Претседател на Владата
11 февруари 2007 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**330.**

Врз основа на член 20 став 5 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/96, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04 и 31/06) и член 36 став 5 од Законот на Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Влада на Република Македонија, на седницата одржана на 11.02.2007 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2007 ГОДИНА

### П Р И Х О Д И

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Трансфери од Буџетот на Република Македонија (делот од акцизата од деривати од нафта) | 1.500.000.000 |
| 2. | Надоместок за употреба на јавните патишта(патна такса) за моторни и приклучни возила што подлежат на годишна регистрација | 900.000.000 |
| 3. | Надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) што ја плаќаат странските моторни и приклучни возила | 100.000.000 |
| 4. | Надоместок за употреба на автопат или магистрален пат и нивен дел или објект на патот (автопатска такса) | 680.000.000 |
| 5. | Други приходи | 30.000.000 |
| | **Вкупно I:** | **3.210.000.000** |
| 6. | Странски кредити | |
| | -ЕИБ | 680.541.000 |
| | -ЕБРД | 662.148.000 |
| | **Вкупно II:** | **1.342.689.000** |
| | **Вкупно приходи I +II** | **4.552.689.000** |

### Р А С Х О Д И

Расходите во висина на приходите од **4.552.689.000** денари ќе се користат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **РАСХОДИ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **142.000.000** |
| | 1.Плати, наемнини и надоместоци | 21.000.000 |
| | 2.Стоки и услуги | 117.700.000 |
| | 3.Капитални расходи | 3.300.000 |
| **II.** | **РАСХОДИ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА** | **4.410.689.000** |
| **1.** | **Инвестиции од странски кредити** | **1.342.689.000** |
| | -Обиколница на Скопје I фаза 13,5 км. | 423.039.000 |
| | -Обиколница на Скопје II фаза 12км. | 919.650.000 |
| **2.** | **Сопствено учество во инвестициите со странски кредити** | **241.684.000** |
| | -Обиколница на Скопје I фаза 13,5 км | 76.147.000 |
| | -Обиколници на Скопје II фаза 12 км. | 165.537.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Инвестиции со сопствени средства** | **20.000.000** |
| | -М-6 Радовиш-Струмица | 5.000.000 |
| | -Р-106 Градско-Прилеп | 3.000.000 |
| | -Р-112 крак за ски центар Кожуф | 5.000.000 |
| | -Р-409 Жировница –Б.Мост | 2.000.000 |
| | -Рехабилитации на др.делници | 5.000.000 |
| **4.** | **Експропријација** | **89.900.000** |
| | -Обиколница на Скопје I фаза -Хиподром-Оризари | 20.000.000 |
| | -Обиколница на Скопје II Оризари Сарај | 20.000.000 |
| | -Табановце-Куманово | 40.000.000 |
| | -Радовиш-Струмица | 5.000.000 |
| | -други делници | 4.900.000 |
| **5.** | **Расходи за студии, проектирање надзор, провизии, материјални и други трошоци** | **105.000.000** |
| | -Подготовка на проекти и физибилити студии | 8.000.000 |
| | -Надзор на изградба на патишта | 45.000.000 |
| | -Материјални и други трошоци и услуги | 52.000.000 |
| **6.** | **Одржување на патишта** | **970.000.000** |
| | -Тековно одржување | 800.000.000 |
| | -Инвестиционо одржување | 170.000.000 |
| **7.** | **Средства за локални патишта и улици** | **500.000.000** |
| **8.** | **Отплата на кредити** | **981.416.000** |
| | -Отплата на главница | 653.166.000 |
| | -Отплата на камата | 328.250.000 |
| **9.** | **Пренесени обврски од претходни години** | **150.000.000** |
| | -Доспеани обврски по основ на меѓународни финансиски организации (АСБ) | 150.000.000 |
| **10.** | **Средства за одржување на патни премини преку железнички линии** | **10.000.000** |
| | **Вкупно расходи:** | **4.552.689.000** |

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-706/1
11 февруари 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**331.**

Врз основа на член 17 став (4) од Законот за политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 5/07 и 8/07), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за упис во Судскиот регистар на политичките партии (во натамошниот текст: Судски регистар) и начинот на неговото водење.

Член 2

Судскиот регистар се води во форма на уписник во укоричена книга со страници, со димензии 210 x 297 mm, на кој на насловната страница во левиот горен агол е содржан текст кој гласи: “Република Македонија, Основен суд _____________”, а во средината: “Судски регистар на политички партии”.

Секоја страница од Судскиот регистар има реден број напишан со арапски броеви, по растечка големина.

Член 3

Образецот на Судскиот регистар ги содржи следните рубрики: “Реден број”; “Датум и час на поднесување на барањето за запишување”; “Број и датум на решението за одбивање на барањето”; “Број и датум на решението за упис”; “Име на политичката партија и скратено име”; “Седиште”; “Територија на дејствување”; “Овластено лице за застапување и претставување”; Одлука по жалба (“Одбиена”; “Потврдена”; “Усвоена”; “Преиначена”); “Решение за престанок”; “Решение за бришење” и “Забелешка”.

Образецот на Судскиот регистар од ставот 1 на овој член е составен дел на овој правилник.

Член 4

Во образецот на Судскиот регистар се запишуваат следните податоци: во рубриката “Реден број” се запишува редниот број на уписот; во рубриката “Датум и час на поднесување на барањето за запишување” се запишува датумот и часот на поднесувањето на барањето за запишување на политичката партија во Судскиот регистар; во рубриката: “Број и датум на решението за одбивање на барањето” се запишува бројот и датумот на решението за одбивање на барањето за запишување во Судскиот регистар; во рубриката: “Број и датум на решението за упис” се запишува бројот и датумот на решението за упис на политичката партија во Судскиот регистар; во рубриката “Име на политичката партија и скратено име” се запишува целото име на политичката партија и скратено име ако го има; во рубриката: “Седиште” се запишува точниот назив на улицата, бројот и местото каде што се наоѓа седиштето на политичката партија; во рубриката “Територија на дејствување” се запишува подрачјето на дејствување на политичката партија; во рубриката “Овластено лице за застапување и претставување” се запишува името и презимето на лицето кое ја застапува и претставува политичката партија; во делот Одлука по жалба во рубриката: “Одбиена” се запишува број и датум на решението со кое жалбата е одбиена; во рубриката “Потврдена” се запишува број и датум на решението со кое е потврдено првостепеното решение; во рубриката “Усвоена” се запишува број и датум на решението со кое жалбата е усвоена; во рубрика “Преиначена” се запишува број и датум на решението со кое е преиначено првостепеното решение; во рубриката “Решение за престанок” се запишува бројот и датумот на решението со кое се утврдува престанок на политичката партија; во рубрика “Решение за бришење” се запишува бројот и датумот на решението за бришење на политичка партија од Судскиот регистар и во рубриката “Забелешка” се запишуваат промените што се од значење за регистрацијата.

Член 5

Одредбите на овој правилник соодветно ќе се применуваат и на Единствениот судски регистар на политичките партии.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот за упис во Единствениот судски регистар на политичките партии и начинот на неговото водење („Службен весник на РМ” бр. 88/04).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.09-1065-1
12 февруари 2007 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.

Судски регистар на политичките партии

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Одлука по жалба | | | | | | |
| Реден број | Датум и час на поднесување на барањето за запишување | Име на политичката партија и скратено име | Број и датум на решението за упис | Територија на дејствување | Број и датум на решението за одбивање на барањето | Број и датум на решението за упис | Седиште | Овластено лице за застапување и престанување | Одбиена | Потврдена | Усвоена | Преиначена | Решение за престанок | Решение за бришење | Забелешка |

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**30.**

Врз основа на член 9 став(1) и член 12 став(1) од Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/03 и 70/06) и член 6 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на извештај до Комисијата и за оценување на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/03), Комисијата за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на ден 09.02.2007 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Се одобрува доделената државна помош во форма на грант од страна на Министерството за економија на претпријатието

Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со елетроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО.

Бр. 10-18/12
12 февруари 2007 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622
2007018